20150170361

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 а во врска со член 54 став 1 точка 8 на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 65/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014 и 188/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2014 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ОЧНАТА ХИРУРУГИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на очната хирургија („Службен весник на Република Македонија” број 62/2011, 18/2013 и 54/2013), во членот 2, по услугата ХОМ9 се додава следнава табела:

Шифра	Вид на здравствена услуга	референтна цена
ХОМ10	Крослинкинг на едно око	19.500
ХОМ11	Крослинкинг на две очи	34.000
ХОМ12	Трабекулектомија со имплант	77.000
ХОМ13	Радиална и лимбална кератотомија на едно око	15.000
ХОМ14	Радиална и лимбална кератотомија на две очи	25.000

Во членот 2, во табелата, услугите со шифра ХОМ4 – „КЕРАТОПЛАСТИКА трансплантација” и шифра ХОМ5 - „КЕРАТОПРОТЕЗА” се бришат.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-117/5
5 јануари 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.